**ЗАПИСНИК**
**од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 15.06.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Драгица Љубевска, Маја Дамевска, Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, Александар Џуваревиќ, Емилија Јаневска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 01.06.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.06.2023 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.06.2023 година.
4. Предлог-одлука за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво Скопје.
5. Предлог-одлука за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво на подрачјето на општина Тетово.
6. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво на подрачјето на општина Тетово.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми.

10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на веб страниците на Агенцијата.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записникот од првото продолжение на 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 01.06.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записникот од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.06.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записникот од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.06.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-н Трајчевски го образложи Предлогот за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво Скопје. Објасни дека на 9та седница на Советот на Агенцијата донесена е Одлука за распишување конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис за непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација. Информира дека на конкурсот, кој траеше 60 дена, се јавил само еден кандидат, приватната високообразовна установа „Универзитет Скопје“. Од страна секторите надлежни во Агенцијата утврдено е дека кандидатот ги исполнува условите предвидени во конкурсот и затоа предлага Советот да додели дозвола за радио емитување на овој непрофитен субјект, и додаде со оглед на фактот дека станува збор за непрофитен субјект нема да се наруши конкуренцијата и финансиското работење на останатите регионални радио станици во Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Предлогот и донесе Одлука за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентска популација, на македонски јазик, на регионално ниво, зона на распределба D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво Скопје (град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), на правното лице Приватна високо образовна установа „Универзитет Скопје“ – Скопје, со седиште на бул. „Партизански одреди“ бр.99, 1000 Скопје, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 106.5MHz.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки, Одлуката за доделување на дозвола да ја достави до Приватна високо образовна установа „Универзитет Скопје“ – Скопје, со седиште на бул.„Партизански одреди“ бр.99, 1000 Скопје, со цел да регистрира непрофитна радиодифузна установа во соодветниот регистар, така што во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата ќе ја издаде предметната дозвола.

**Точка 5**

Г-н Трајчевски го образложи Предлогот за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво на подрачјето на општина Тетово. Објасни дека на 9та седница на Советот на Агенцијата донесе Одлука за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, на подрачјето на регионот на Тетово, на македонски и албански јазик. Информира дека на конкурсот се јавил само еден кандидат, државниот универзитет од Тетово, но по евалуацијата на понудата е утврдено дека не ги исполнува условите предвидени во конкурсот и затоа се предлага, да се донесе Одлука за одбивање на Пријавата за учество на јавниот конкурс за доделување на дозвола.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предлогот и донесе Одлука со која се одбива Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, поднесена од Универзитетот во Тетово-РСМ, Тетово, Уп1 бр.08-192 од 17.05.2023 година, поради тоа што не ги исполнува условите утврдени во Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023 година.

Се задолжува Секторот поддршка на работата на директорот и на Советот Одлуката да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-н Лазо Петрушевски посочи дека оваа точка е поврзана со претходната, бидејќи Пријавата за учество на јавниот конкурс е одбиена, последователно е да се донесе Одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, на подрачјето на регионот на Тетово.

Г-н Фиданоски изрази искрено жалење затоа што државниот универзитет во Тетово не успеал да ја комплетира целата постапка, за да може да има успешен конкурс и да ја добие дозволата за работа за непрофитно радио на територијата на Општина Тетово. Потсети дека ова е трет пат како конкурира државниот универзитет од Тетово. Рече дека претходната точка доделиле дозвола, на успешно пополнета документација, и заинтересираност, и амбиција од универзитетот во Скопје. Сигурен е дека истата амбиција ја имаат и во тетовскиот универзитет, верува дека има некој прекин во релацијата околу тоа како треба да тече постапката, можеби не направиле доволно консултации со службата во Агенцијата, и очекува дека повторно ќе покажат заинтересираност, дека ќе имаат целосно соработка со службата и дека сесрдно ќе им се помогне за да можат успешно да ја комплетираат својата приказна.

Г-н Ајдини изрази жалење што по трет пат државниот универзитет во Тетово не успеал уредно да ја пополни документацијата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предлогот и донесе Одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа наменет за студентската популација, на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 107.2MHz, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво Уп1 бр.08-98 од 09.03.2023г. („Службен весник на РСМ“ бр.55/23) поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно 15.05.2023г. во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршокот кај ТВ АЛСАТ-М е констатиран со редовниот надзор реализиран во мај 2023г. Прекршен е член 53 став 2 од ЗААВМУ, односно емитувани се недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации. Во информативната емисија „Огледало на здравјето“ која што е тематски специјализирана емисија за областа здравство, каде што преку разговор со основач и директор на болницата „Свети вид“, кој преку прилози во кои пациенти кажуваат пофални зборови за лекарите и болницата, направена е комерцијална презентација на болницата, односно емисијата содржи прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации. За радиодифузерот се предлага мерка јавна опомена, со рок на усогласување веднаш по приемот на Решението за изрекување мерка, а потоа да се изврши контролен надзор за почитувањето на одредбата, за да се види дали радиодифузерот ќе постапи по опомената. Инаку, радиодифузерот има доставено писмено изјаснување кое што е дел од материјалите, во кое што велат дека извршиле увид во снимката од емисијата и констатирале дека ги пречекориле одредбите од Законот и дека веднаш презеле мерки ваквите прекршувања веќе да не се повторат.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај бр.10-2216/1 од 23.05.2023 година за извршен редовен програмски надзор и едногласно заклучи на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ, затоа што на 08 мај 2023 година, во репризното издание на информативната емисија „Pasqyra e shëndetit (Огледало на здравјето)“, специјализирана емисија за здравство, емитуваше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации за болницата „Свети вид“.

Во согласност со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, му се наложи веднаш по приемот на

Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжува Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката Јаневска го образложи Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршокот кај телевизија Телма исто така е констатиран со овој редовен надзор реализиран во мај 2023 година. Кај нив се прекршени одредбите од член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ, односно станува збор за правилата за пласирање производи во програмите. Прекршокот е констатиран во две изданија на забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ и во едно изданија на образовно-забавната емисија „*Garden club Градини*“. Во изданијата на забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ посебно промотивно се препорачуваат ресторантите „Старо Златно буре“ и „Чорбаџиски ан“, а во емисијата „*Garden club Градини*“ во една рубрика „Практични алатки“ е направен триминутен прилог што претставува детална комерцијална презентација на две градинарски алатки од фирмата *Nakayama*. Од овие причини се предлага за радиодифузерот да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението, а потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали ќе постапи по изречената мерка. И телевизија Телма испрати известување. Во известувањето е посочено дека за прекршувањето се одговорни деловните партнери што ги продуцирале емисиите и дека тие побарале дописи од одговорните и овластени лица на деловните партнери кои што ги произведуваат овие изданија на емисијата и во прилог на нивното изјаснување се додадени и дописите кои што ги испратиле продуцентите на овие две емисии. Медиумот во изјаснувањето вели дека ќе ги преземе сите мерки во иднина да не дојде до вакви повреди на Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај бр.10-2215/1 од 23.05.2023 година за извршен редовен програмски надзор и едногласно заклучи на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ затоа што на 08 мај 2023 година, двете изданија на забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ не беа обележани со сигнализација за програма што содржи пласирање производи и посебно промотивно ги препорачуваа угостителските услуги од ресторанот „*Старо/Златно буре*“ и производите од фирмата „*Saša truffles*“, додека пак изданието на образовно-забавната емисија „*Garden club Градини*“ беше несоодветно означено со пропишаната сигнализација за програма што содржи пласирање производи и посебно промотивно ги препорачуваше производите од фирмата *Nakayama*.

Во согласност со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-01-4139/1 од 07.11.2022 година, на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, му се наложи во рок од 20 дена од приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжува Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката Јаневска го образложи Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми. Објасни дека станува збор за обврската медиумите до 31 март во тековната година да достават Извештај до Агенцијата за исполнување на обврските од програмскиот концепт и од дозволата за емитување. Радиодифузерот ПРО-ФМ не го стори ова во пропишаниот рок и до моментот на подготовка на Извештајот. Од овие причини се предлага на радиодифузерот да му се изрече мерка опомена, со дополнителен рок да го достави Извештајот од 45 дена како што бара Законот за медиуми. Објасни дека следната мерка е одземање на дозволата.

Г-н Петрушевски посочи внимателно да му се објасни на радиодифузерот и телефонски да се извести за ситуацијата.

Раководителката Јаневска објасни дека колегите неколку пати разговарале со радиодифузерот, во меѓувреме кај радиото имаше и промена на сопственичката структура, и смета дека има проблем во комуникацијата меѓу стариот и новиот сопственик на медиумот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај бр.10-1941/1 од 27.04.2023 година за извршен редовен административен надзор и едногласно заклучи на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 5 став 5 од Законот за медиуми, за недоставување писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување.

Во согласност со точката 15 став 6 од Законот за медиуми и точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-01-4139/1 од 07.11.2022 година, на ТРД Радио ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар му се наложи во рок од 45 дена од приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжува Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали

субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководител Џуваревиќ го образложи Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на веб страниците на Агенцијата. Објасни дека станува збор за едногодишна набавка, со проценета вредност од 80.000,00 денари, која е потребна за нормално функционирање на веб страници на Агенцијата, како и оптимизирање на VDS серверот.

Г-н Петрушевски праша дали проценетата вредност е иста како и претходните години или е малку зголемена? Имајќи во предвид дека сите животни трошоци се зголемени.

Раководителот Џуваревиќ одговори дека минатиот договор е двогодишен, бидејќи оваа набавка е за една година вредноста е намалена.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 1 (една) година е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

Бр. 02-2414/9

21.06.2023 година

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**